
ОПШТИНА
КРИВОГАШТАНИ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ

# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сѐ што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нѐ враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Драги сограѓани,

Кривогаштани е нашата заедничка куќа. Тоа е местото каде што растат нашите деца, каде што живеат нашите семејства и каде што се градат нашите соништа. Секојдневно ја делиме истата надеж: да ја видиме нашата општина како простор со подобри услови за живот, повеќе можности и сигурна иднина.

Со оваа програма нудиме јасна визија и конкретен план за развој. Таа е подготвена врз основа на вашите идеи, потребите на секое село и европските стандарди. Во неа се содржани проекти кои се движечка сила за една поразвиена, поорганизирана и поуспешна општина.

Приоритет ќе биде економскиот развој и отворање можности за секој граѓанин. Поддршка за земјоделците и за малите бизниси, стимулирање на претприемачкиот дух и иновациите, креирање услови младите да останат и да создаваат тука – тоа се темелите на посилен локален економски живот.

Знаеме дека без добра инфраструктура нема вистински напредок. Затоа ќе вложуваме во локални патишта, улична мрежа, водоводи и канализации, во јавна и комунална инфраструктура. Секое населено место заслужува пристапност, квалитетни услуги и современи услови за живот.

Особено внимание ќе посветиме на образованието и младите. Училиштата ќе ги доближиме до европските стандарди, ќе инвестираме во наставниот кадар, а секое дете ќе има еднакви можности за напредок.

Нашата визија за Кривогаштани е и еколошка – зелена и чиста општина. Со современ систем за управување со отпад, со обновливи извори на енергија и со енергетска ефикасност ќе создадеме здрав амбиент за идните генерации.

Во оваа програма значајно место имаат и културата, спортот и туризмот. Ќе ги поддржиме локалните културни настани и традицијата, ќе изградиме и обновиме спортски терени и сали, ќе поттикнеме развој на училишниот спорт и ќе ги промовираме туристичките потенцијали на нашата општина.

Ниту една визија не е целосна без грижа за луѓето. Социјалната и здравствената заштита ќе бидат во сржта на нашите активности – помош за ранливите категории, поддршка за старите лица и изградба на систем кој се грижи за секој поединец.

Почитувани пријатели,

Ова е програмата што го отсликува нашиот заеднички пат. Кривогаштани ќе биде општина на еднакви можности, модерен развој и европски стандарди. Заедно можеме да изградиме подобра иднина за сите нас.

Со почит,

Сашо Граороски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Дијана Дуртаноска - носител на листа
2. Климент Манески
3. Светлана Аџиоска
4. Димитар Маџароски
5. Влатко Грашкоски
6. Зорица Сидороска
7. Јасминка Пупунческа-Јосифоски
8. Љупче Јошески
9. Виктор Димоски
10. Бојан Ѓорѓиоски
11. Марија Вељаноска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општината е темелната институција во која секој граѓанин очекува сигурност, стабилност и квалитетен живот. Затоа приоритетите што ги поставуваме не се декларативни, туку насочени кон конкретни области каде што граѓаните секојдневно ги чувствуваат потребите и предизвиците.

- **Воведување на централизирано управување со отпад. Целокупниот отпад од населените места во општината ќе се транспортира до претоварна станица во Прилеп, а од таму понатаму во регионалната депонија во Новаци. Со тоа ќе се обезбеди трајно решение за чиста и здрава животна средина, како и системско справување со дивите депонии.**
- **Изградба и реконструкција на локалната патна инфраструктура во сите населени места, со посебен фокус на проширувањето на регионалниот пат Кривогаштани – Обршани – Воѓани – Боротино.**
- **Решавање на проблемите со водоснабдување и проширување на водоводната мрежа.**
- **Изградба на современ систем за управување со отпадот и чистење на дивите депонии.**
- **Модернизација на основните училишта и спортските сали според европски стандарди.**
- **Поддршка на земјоделците со локални субвенции, советодавни услуги и иновативни програми.**
- **Изградба на нови детски игралишта и паркови за рекреација во секое населено место.**
- **Воведување на енергетски ефикасно јавно осветлување со ЛЕД-систем.**
- **Развој на локалниот туризам преку туристички информативен центар и дигитална промоција.**
- **Поддршка на локалните спортски клубови и изградба на нови спортски терени.**

Приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се и ниските и рамни даноци. Општината нема да ги зголемува даноците, туку ќе ги зајакнува фискалните капацитети. Со поефикасна наплата на локалните даноци и такси ќе се обезбедат повеќе средства за проекти што директно ќе го подобрат животот. Наместо дополнителен товар за граѓаните, средствата ќе се насочуваат кон нови инвестиции.

## Прво, ќе се вложува во инфраструктурата како основа на секојдневието.

- Приоритет ќе бидат реконструкцијата на локалните улици, подобрувањето на тротоарите и јавните површини, поставување енергетски ефикасно улично осветлување. Инвестициите ќе се однесуваат и на патната мрежа во селата, со цел да нема разлика меѓу урбаните и руралните средини.

## Второ, општината ќе вложува во модерни и чисти јавни простори.

- Ќе се уредуваат паркови, игралишта и спортски зони, а напуштените простори ќе се претвораат во рекреативни катчиња. Овие инвестиции не само што ќе ја подобрат естетиката на општината, туку ќе создадат и нови места за дружење, спорт и култура.

## Трето, голем приоритет ќе биде образованието и младите.

- Сите училишта ќе се модернизираат со нова опрема, лаборатории и спортски сали. Ќе се воведат програми за поддршка на ученици и студенти од социјално загрозени семејства, а наставниот кадар ќе добива постојана поддршка за професионален развој. Општината ќе создава услови младите да се чувствуваат ценети и да ја гледаат својата иднина овде.

## Четврто, ќе се работи на заштита на животната средина.

- Решавање на проблемот со дивите депонии. Општината ќе премине на 100% ЛЕД-осветлување и ќе поттикнува циркуларна економија.

## Петто, дигитализацијата ќе биде основен инструмент за модерна општина.

- Ќе се развие е-општина со цел граѓаните да ги добиваат услугите побрзо и без непотребни редици. Ќе се воспостави систем на отворени податоци за целосна транспарентност и платформи за активно учество на граѓаните во донесувањето одлуки.

## Шесто, ќе се поттикнуваат спортот и културата како дел од идентитетот.

- Ќе се реконструираат спортски терени и ќе се градат нови во сите населби, ќе се поддржуваат локалните спортски клубови и ќе се организираат редовни турнири. Во културната сфера ќе се организираат фестивали, изложби и манифестации кои ќе го збогатат животот на граѓаните и ќе го зајакнат културниот идентитет.

## Седмо, во социјалната сфера, општината ќе отвори дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со попреченост, програми за ментално здравје и советувалишта.

- Преку вакви политики ќе се покаже дека општината е блиску до секој човек, особено до оние на кои им е потребна најголема поддршка.

Со овие приоритети ќе изградиме општина која е стабилна, развиена и европска по стандард, но и човечка по односот кон луѓето. Општина што не дели, туку обединува. Општина која гради иднина со дела, а не со зборови.

**Нашата цел е јасна:** да изградиме општина во која секој граѓанин ќе сака да остане, да живее и да ја гледа својата иднина. Општина што ќе биде симбол на ред и развој, но и на заедништво и човечност. Овие приоритети се нашиот договор со граѓаните – ветување дека општината нема да биде извор на проблеми, туку двигател на решенија и нови можности. Со тоа ја поставуваме основата за општина што ќе биде модерна, европска и достоинствена – општина во која луѓето ќе веруваат и на која ќе бидат горди.



# ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИИ

- Ќе се изработи стратешки документ со анализа на потенцијалите на општината (земјоделство, туризам, индустрија, зелена енергија). Општината ќе создаде промотивни материјали на повеќе јазици и ќе организира „Инвестициски денови“ на кои ќе се презентираат можностите пред странски и домашни инвеститори. Паралелно ќе се работи на создавање индустриски зони со подготвена инфраструктура.
- **Очекуван ефект:** привлекување инвестиции, отворање нови работни места, подобрена инфраструктура.
- **Рок:** континуирано.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА– ПАМЕТЕН ГРАД (SMART CITY)

## ПРОЕКТ: БЕЗЖИЧЕН ИНТЕРНЕТ ЗА СЕКОГО

- Општината ќе воспостави мрежа на бесплатен јавен безжичен интернет на повеќе точки на клучни локации: плоштади, училишта, паркови, спортски терени и јавни институции. Со тоа ќе се обезбеди пристап до интернет за сите граѓани, особено за младите и учениците кои немаат постојан интернет дома.
- **Очекуван ефект:** дигитална еднаквост, подобрени услови за учење и информирање, поголема транспарентност и поврзаност на граѓаните.
- **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ – ТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА

- Воспоставување на (open data) отворен податочен систем каде што сите општински податоци (буџет, јавни набавки, трошоци, урбанистички планови) ќе бидат јавно достапни преку онлајн платформа. Секој граѓанин ќе може лесно да провери каде се трошат парите и како се донесуваат одлуките.
- **Очекуван ефект:** поголема доверба во општинската администрација, намалување на корупцијата, учество на граѓаните во креирањето на политики.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ТВОЈ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА

- Воведување на дигитална платформа за општински услуги, со можност граѓаните да аплицираат за документи (изводи, дозволи, уверенија) од дома, без редици и чекање. Администрацијата ќе има обврска да ги издаде документите во точно дефиниран рок, а граѓанинот ќе може да го следи статусот онлајн.
- **Очекуван ефект:** заштеда на време и трошоци за граѓаните, ефикасна администрација, поголема транспарентност.
- **Рок:** 2026 г.

## ПРОЕКТ: ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ

- Создавање дигитална платформа за вклучување на граѓаните во донесување на одлуки: онлајн анкети, јавни консултации, предлагање идеи и гласање за локални приоритети. Платформата ќе биде достапна и преку мобилна апликација.
- **Очекуван ефект:** активно граѓанско учество, донесување политики според реалните потреби, развој на демократска култура.
- **Рок:** континуирано.



# МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

## ПРОЕКТ: РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА – СИТЕ ПАТИШТА ВОДАТ ДО МОЈАТА ОПШТИНА

- Општината во соработка со државата ќе инвестира во реконструкција и проширување на регионалните патишта кои ја поврзуваат со соседните општини и градови. Ќе се воведе систем за редовно одржување и зимска служба за побезбедно движење.
- **Очекуван ефект:** побрз транспорт на луѓе и стоки, подобрена поврзаност на локалните производители со пазарите, намалување на сообраќајни несреќи.
- **Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: УРБАНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ

- Претворање на запуштени површини во модерни јавни паркови, детски игралишта на отворено. Во секоја населба ќе се обезбеди најмалку едно рекреативно катче достапно за сите генерации.
- **Очекуван ефект:** поквалитетен живот на граѓаните, здрави навики, социјална интеграција на младите и семејствата.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

- Реконструкција на локалните патишта и улички во селата, поставување на улично осветлување и подобрување на канализациската и водоводната мрежа.
- **Очекуван ефект:** намалување на разликите меѓу руралните и урбаните средини, подобри услови за живот во селата, спречување на иселување.
- **Рок:** континуирано.



# МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕ ПО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ

- Модернизација на сите основни училишта со нова училишна опрема, паметни табли, лаборатории за природни науки и информатика, како и спортски сали. Општината ќе обезбеди редовно одржување и енергетска ефикасност на објектите.
- **Очекуван ефект:** поквалитетно образование, подобрени услови за учење, конкурентност со европските стандарди.
- **Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: НАСТАВНИК НА ИДНИНАТА

- Инвестиции во континуирана едукација и професионален развој на наставниците преку обуки, студиски посети во ЕУ и програми за усовршување во нови наставни методологии.**Очекуван ефект:** мотивирани и компетентни наставници, повисок квалитет на наставата, подготвеност за современи предизвици.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕ СО СРЦЕ

- Воведување психолошка поддршка и советувалишта во училиштата, со тимови кои ќе работат со учениците на теми како ментално здравје, превенција од насилство и дигитална безбедност.
- **Очекуван ефект:** безбедна и здрава средина за децата, превенција на негативни појави, поддршка за родители и наставници.
- **Рок:** 2026 г.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕН ДВОР КАКО РЕКРЕАТИВЕН ПАРК

- Реконструкција на училишните дворови со модерни игралишта, спортски терени и зелени површини, достапни и за граѓаните во попладневните часови.
- **Очекуван ефект:** повеќе простор за спорт и рекреација, поголема социјална поврзаност во заедницата.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Секое училиште ќе има своја веб-платформа со објавени наставни програми, активности, финансиски извештаи и комуникација со родителите.
- **Очекуван ефект:** транспарентност во работењето на училиштата, поголема доверба на родителите, активно учество на заедницата.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ УЧИЛИШТА

- Реконструкција на општинските училишта со замена на старата столарија, поставување термоизолација, соларни панели и ЛЕД-осветлување. Општината ќе користи европски фондови и јавни повици за финансирање.
- **Очекуван ефект:** намалени трошоци за енергија, подобра еколошка свест кај учениците, подобрени услови за учење.
- **Рок:** 2027 г.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНСКИ ФОНД ЗА ОБРАЗОВНИ ПРОЕКТИ

- Општината ќе отвори фонд во кој училиштата ќе можат да аплицираат со свои мали проекти – на пример: опремување училници, спортски активности, културни манифестации или дигитални иновации. Средствата ќе се распределуваат транспарентно преку јавни повици.**Очекуван ефект:** зголемена иницијативност кај училиштата, подобрени образовни услови според реалните потреби на учениците.
- **Рок:** континуирано.

# ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## ПРОЕКТ: ЕУ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ВО МОЈАТА ОПШТИНА

- Формирање на локален информативен центар за ЕУ кој ќе обезбедува информации за европските програми, фондови и можности за финансирање. Центарот ќе биде отворен за граѓани, компании, училишта и невладини организации.
- **Очекуван ефект:** подобрена информираност на граѓаните, зголемен број апликации за ЕУ фондови, поголема интеграција на општината со европските текови.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА СО ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

- Воведување европски практики во работата на општинската администрација – транспарентност, отчетност, јавни консултации и учество на граѓаните во креирање на политики. Ќе се применуваат европски кодекси за добро управување.
- **Очекуван ефект:** поефикасна и транспарентна администрација, поголема доверба на граѓаните во институциите.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПАРТНЕРСТВО СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

- Општината ќе воспостави пријателства и партнерства со општини од земјите членки на ЕУ преку т.н. (twinning) твининг програми. Ќе се реализираат заеднички проекти во областа на културата, туризмот, образованието и животната средина.
- **Очекуван ефект:** размена на искуства, модерни практики во локалното управување, нови можности за граѓаните (ученички размени, културни настани, заеднички европски проекти).
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА КАНДИДАТ ЗА ЕУ ФОНДОВИ

- Создавање на специјализирана општинска канцеларија која ќе подготвува и аплицира со проекти директно до европските фондови (за инфраструктура, енергетика, култура, образование).
- **Очекуван ефект:** дополнителни средства во буџетот, нови проекти без дополнителен товар за граѓаните, европеизација на локалниот развој.
- **Рок:** континуирано.



# ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

- Воведување на систем за одржливо управување со јавниот простор: изградба на мали екопаркови, поставување контејнери за селекција на отпад и организирање општински „зелени акции". Општината ќе соработува со училиштата и граѓанските здруженија за еколошко образование и практични активности.
- **Очекуван ефект:** почисти и поубави населби, поголема еколошка свест, граѓани активно вклучени во грижата за животната средина.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА СО СОНЦЕ

- Субвенционирање на домаќинства и мали бизниси за поставување соларни колектори и фотоволтаични панели на покривите. Општината ќе обезбеди и јавни објекти со соларна енергија (училишта, градинки, спортски сали).
- **Очекуван ефект:** намалена потрошувачка на струја, енергетска независност, по-мали трошоци за граѓаните.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: 100% ЈАВНО ЛЕД-ОСВЕТЛУВАЊЕ

- Замена на целото јавно осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД-светилки, со можност за паметно управување (автоматска регулација според проток на луѓе и возила).
- **Очекуван ефект:** значително намалени трошоци за електрична енергија, подобра видливост и безбедност во населбите, придонес кон зелена енергија.
- **Рок:** 2026 г.



# СПОРТ И КУЛТУРА

## ПРОЕКТ: ТЕРЕН ВО СЕКОЕ НАСЕЛЕНО МЕСТО

- Изградба на мултифункционални спортски игралишта во секое рурално населено место – за фудбал, кошарка, одбојка.
- **Очекуван ефект:** поголема вклученост на младите од руралните средини во спорт, спречување на миграција, зајакнување на локалната заедница.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ

- Формирање општински фонд кој ќе доделува грантови за поддршка на локалните клубови (опрема, патувања, тренинзи). Средствата ќе се распределуваат транспарентно преку јавни повици.
- **Очекуван ефект:** финансиска стабилност на клубовите, развој на талентирани спортисти, подобрување на резултатите.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

- Општината ќе инвестира во заштита и промоција на локалните историски споменици и обичаи. Ќе се создаде дигитален каталог со информации и фотографии, достапен за туристи.
- **Очекуван ефект:** зачувување на културното наследство, промоција на општината како културна дестинација, економски бенефит преку културен туризам.
- **Рок:** континуирано.



# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ПРОЕКТ: ОПШТИНА БЕЗ БАРИЕРИ

- Адаптација на јавните објекти и установи со пристапни рампи, лифтови и тактилни патеки за лица со инвалидитет.
- **Очекуван ефект:** поголема инклузија на лицата со попреченост, еднакви можности за сите граѓани.
- **Рок:** 2027 г.

## ПРОЕКТ: ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА БРЗАТА ПОМОШ

- **Опис:** Рестартирање на амбулантата за итна медицинска помош со возило и персонал.
- **Очекуван ефект:** Брза реакција при итни случаи и зголемена безбедност.
- **Рок:** краток (6–12 месеци).

# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

### ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КРИВОГАШТАНИ – ОБРШАНИ – ВОЃАНИ – БОРОТИНО

- **Опис:** Проектирање и проширување на постојниот регионален пат со нов асфалтен слој, тротоари и модернизација на сообраќајната сигнализација.
- **Очекуван ефект:** Подобрена регионална поврзаност, зголемена безбедност во сообраќајот и поголеми економски можности за жителите.
- **Рок:** долг (24–36 месеци).

## КРИВОГАШТАНИ

### ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВАТА ДЕПОНИЈА

- **Опис:** Комплетна акција за отстранување на насобраниот отпад на сите локации пријавени како диви депонии, со централизирано носење во претоварна станица во Прилеп и понатамошен транспорт до регионалната депонија во Новаци.
- **Очекуван ефект:** Почиста средина, намален ризик од пожари, подобро јавно здравје.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ И САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИТЕ

- **Опис:** Асфалтирање на неасфалтирани делници и санација на оштетени улици.
- **Очекуван ефект:** Подобра пристапност, побезбеден сообраќај, подобар изглед на населеното место.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА

- **Опис:** Реконструкција и модернизација на системот за третман на отпадни води.
- **Очекуван ефект:** Чиста отпадна вода и заштита на животната средина.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ТРИСМЕНСКО РАБОТЕЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПОЖАРНАТА

- **Опис:** Воведување трисменски систем (24/7 покриеност), обнова на опремата и обука на пожарникарите.
- **Очекуван ефект:** Побрзи интервенции и намалување на ризикот од пожари.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

## ПРОЕКТ: ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ НА ООУ „МАНЧУ МАТАК“ И ПОСТАВУВАЊЕ СОЛАРНИ ПАНЕЛИ

- **Опис:** Обнова на училишните простории и поставување соларен систем за енергетска независност.
- **Очекуван ефект:** Модерни услови за учење и заштеда на енергија.
- **Рок:** среден (9–18 месеци).

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Поправка и тампонирање на земјоделските патишта со соодветна дренажа.
- **Очекуван ефект:** Подобрен пристап за земјоделците и полесен транспорт на производи.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: СОЛАРНИ ПАНЕЛИ НА ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА

- **Опис:** Инсталирање фотоволтаици на кровот на општинската зграда.
- **Очекуван ефект:** Намалување на трошоци за електрична енергија и одржливост.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

# КРУШЕАНИ

## ПРОЕКТ: ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА

- **Опис:** Поврзување на домаќинствата со постојната канализациска мрежа и изведба на завршни технички работи за целосна функционалност.
- **Очекуван ефект:** Подобрена хигиена, намалено загадување и зголемена вредност на недвижностите.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на преостанатите неасфалтирани делови во селото.
- **Очекуван ефект:** Подобра инфраструктура, побезбедно движење и уреден изглед на населеното место.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВАТА ДЕПОНИЈА

- **Опис:** Организирана акција за целосно чистење и пренос на отпадот кон претоварна станица во Прилеп, а од таму во Новаци.
- **Очекуван ефект:** Почиста животна средина и намалување на ризик од пожари.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ И ОГРАДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР

- **Опис:** Поставување ограда, озеленување, клупи и урбан мебел за учениците.
- **Очекуван ефект:** Безбедност за децата и подобри услови за учење и игра.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ И ДЕТСКИ ПАРК

- **Опис:** Изградба на игралиште со терени за спорт и детска зона со реквизити.
- **Очекуван ефект:** Поголема физичка активност, развој на спортот и место за рекреација на семејствата.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Рехабилитација и насипување на земјоделските патишта.
- **Очекуван ефект:** Подобрена пристапност до нивите и намалување на трошоците за транспорт.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА СРЕТСЕЛОТО

- **Опис:** Поставување урбана опрема, клупи, осветлување и зеленило во центарот на селото.
- **Очекуван ефект:** Поуреден јавен простор и поголема привлечност на централниот дел.
- **Рок:** континуирано.

## ОБРШАНИ

### ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА НЕАСФАЛТИРАНИТЕ УЛИЦИ

- **Опис:** Завршно асфалтирање на сите неасфалтирани делови од уличната мрежа.
- **Очекуван ефект:** Подобра мобилност, зголемена безбедност и подобар изглед на селото.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Отстранување на отпадот и воспоставување редовен систем за собирање.
- **Очекуван ефект:** Почиста животна средина и намалување на загадувањето.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ И ДЕТСКИ ПАРК

- **Опис:** Изградба на нов спортско-рекреативен комплекс и детско катче.
- **Очекуван ефект:** Развој на спорт и рекреација, подобри услови за младите.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Поправка и уредување на пристапните земјоделски патишта.
- **Очекуван ефект:** Подобра пристапност и олеснување на земјоделското производство.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА

- **Опис:** Приклучување на сите домаќинства на водовод за сигурно снабдување со вода за пиење.
- **Очекуван ефект:** Подобрување на квалитетот на живот и здравјето на жителите.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ООУ „ЈОНЧЕ СМУГРЕСКИ“ И ПОСТАВУВАЊЕ СОЛАРНИ ПАНЕЛИ

- **Опис:** Внатрешна и надворешна реконструкција на училиштето и поставување соларен систем.
- **Очекуван ефект:** Модерни услови за учење и заштеда на енергија.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

# ПАШИНО РУВЦИ

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНАТА УЛИЦА

- **Опис:** Целосна реконструкција на централната сообраќајница со нов асфалтен слој, тротоари и атмосферска канализација.
- **Очекуван ефект:** Подобрена безбедност и пристапност, поуреден изглед на селото.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА НЕАСФАЛТИРАНИТЕ УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на останатите неуредени делови од уличната мрежа.
- **Очекуван ефект:** Подобра локална инфраструктура и услови за живот.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ НА СЕЛОТО

- **Опис:** Поставување урбана опрема, клупи, светилки и зеленило за создавање на пријатен јавен простор.
- **Очекуван ефект:** Подобрување на социјалниот живот и атрактивноста на селото.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА

- **Опис:** Изградба на приклучоци за домаќинствата кон водоводната мрежа.
- **Очекуван ефект:** Сигурно снабдување со вода за пиење и подобри хигиенски услови.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Отстранување на отпадот од дивите депонии и редовно одржување преку централизираниот систем.
- **Очекуван ефект:** Почиста и побезбедна животна средина.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Насипување и тампонирање на земјоделските патишта со дренажа каде е потребно.
- **Очекуван ефект:** Подобрен пристап до нивите и намалени транспортни трошоци.
- **Рок:** континуирано.

# БЕЛА ЦРКВА

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Завршно асфалтирање на сите неасфалтирани улични делови.
- **Очекуван ефект:** Подобри услови за движење и уреден изглед на селото.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА

- **Опис:** Поврзување на домаќинствата и завршни технички интервенции за целосна функционалност.
- **Очекуван ефект:** Чистота и зачувување на животната средина и подобро јавно здравје.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ООУ „МАНЧУ МАТАК“

- **Опис:** Реконструкција на училишните простории и на дворот за создавање современи услови за учење.
- **Очекуван ефект:** Подобро образование и поголема удобност за учениците.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Целосно отстранување на дивите депонии и систематско одржување.
- **Очекуван ефект:** Подобрена екологија и хигиена.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Поправка и уредување на земјоделските патишта.
- **Очекуван ефект:** Подобра пристапност до нивите и олеснет транспорт.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ВОДОВОД

- **Опис:** Технички приклучоци на домаќинствата кон водоводната мрежа.
- **Очекуван ефект:** Сигурно снабдување со вода за пиење и подобри услови за живот.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОГРАДУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ ИГРАЛИШТЕТО

- **Опис:** Изградба на ограда, уредување и озеленување на просторот околу игралиштето.
- **Очекуван ефект:** Подобри услови за спорт и забава, зголемена безбедност за децата.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

# ВОЃАНИ

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на преостанатите неасфалтирани улици во селото.
- **Очекуван ефект:** Подобрена пристапност, побезбеден сообраќај и поуреден изглед на селото.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ВОДОВОД

- **Опис:** Приклучување на сите домаќинства кон водоводната мрежа.
- **Очекуван ефект:** Сигурно снабдување со квалитетна вода за пиење.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕНОВИРАЊЕ НА СТАРАТА ЗГРАДА ВО ЦЕНТАРОТ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

- **Опис:** Реконструкција на старата зграда во центарот и уредување на јавниот простор околу неа со урбана опрема и зеленило.
- **Очекуван ефект:** Подобрен изглед на центарот и нова функционална содржина за мештаните.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Рехабилитација и насипување на земјоделските патишта за пристап до нивите.
- **Очекуван ефект:** Полесен транспорт на земјоделски производи и пониски трошоци.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Целосно отстранување на отпадот и континуирано одржување со централизираниот систем.
- **Очекуван ефект:** Почиста животна средина и намалување на загадувањето.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ОДРЖУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ

- **Опис:** Реконструкција, уредување и редовно одржување на постојното игралиште.
- **Очекуван ефект:** Подобрени услови за спорт и рекреација на младите.
- **Рок:** континуирано.

# СЛАВЕЈ

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на улиците кои досега не се асфалтирани.
- **Очекуван ефект:** Зголемена безбедност и подобрена локална инфраструктура.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА

- **Опис:** Санација и доршувување на канализациската мрежа и реконструкција на пречистителниот систем.
- **Очекуван ефект:** Подобро управување со отпадните води и заштита на животната средина.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Тампонирање и уредување на земјоделските патишта за пристап до нивите.
- **Очекуван ефект:** Подобрени услови за земјоделците и побрз транспорт на производите.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Отстранување на дивите депонии и воведување редовен систем за собирање отпад.
- **Очекуван ефект:** Почиста и побезбедна животна средина.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР

- **Опис:** Уредување, оградување и озеленување на дворот на училиштето, поставување урбана опрема.
- **Очекуван ефект:** Подобри услови за учениците и зголемена безбедност.
- **Рок:** континуирано.

# ВРБЈАНИ

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСЕЛОТО

- **Опис:** Поставување урбана опрема, клупи, јавна расвета и зеленило во централниот дел на селото.
- **Очекуван ефект:** Поуреден јавен простор, зголемена привлечност на центарот и подобрен социјален живот.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Тампонирање и насипување на земјоделските патишта, уредување со дренажи каде што е потребно.

- **Очекуван ефект:** Подобра пристапност за земјоделците и олеснет транспорт на земјоделски производи.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Отстранување на отпадот и воспоставување редовно собирање преку централизираниот систем.
- **Очекуван ефект:** Почиста и поздрава средина, намалување на загадувањето.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на сите улици кои сè уште немаат асфалт или се со оштетен коловоз.
- **Очекуван ефект:** Подобрена локална инфраструктура и услови за живот.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР

- **Опис:** Озеленување, оградување и поставување урбана опрема за подобри услови за учениците.
- **Очекуван ефект:** Поголема безбедност и поквалитетна средина за образовниот процес.
- **Рок:** континуирано.

## КОРЕНИЦА

### ПРОЕКТ: РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО

- **Опис:** Технички проект за обезбедување дополнителни извори и реконструкција на постојната водоводна мрежа.
- **Очекуван ефект:** Сигурно и континуирано снабдување со чиста вода за пиење.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на сите преостанати неасфалтирани улици во селото.
- **Очекуван ефект:** Подобра пристапност и зголемена безбедност.
- **Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Насипување, тампонирање и уредување на земјоделските патишта.
- **Очекуван ефект:** Полесен пристап до нивите и намалување на трошоците за транспорт.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Систематско чистење на сите диви депонии и транспортирање на отпадот во претоварна станица во Прилеп, а потоа во Новаци.
- **Очекуван ефект:** Почиста животна средина и заштита на здравјето на жителите.
- **Рок:** континуирано.

# ГОДИВЛЕ

## ПРОЕКТ: РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО

- **Опис:** Обезбедување нови извори на вода, реконструкција на постојната мрежа и приклучување на домаќинствата.
- **Очекуван ефект:** Континуирано и сигурно снабдување со чиста вода за пиење.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на сите преостанати неасфалтирани улици во селото.
- **Очекуван ефект:** Подобра патна инфраструктура, побезбеден сообраќај и поуреден изглед.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Тампонирање и уредување на земјоделските патишта со дренажа каде што е потребно.
- **Очекуван ефект:** Подобрена пристапност за земјоделците и олеснет транспорт на производи.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Отстранување на дивите депонии и редовно собирање на отпадот со централизираниот систем.
- **Очекуван ефект:** Почиста животна средина, заштита на здравјето и намалување на загадувањето.
- **Рок:** континуирано.

# ПОДВИС

## ПРОЕКТ: РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО

- **Опис:** Проектирање и реализација на систем за стабилно водоснабдување, преку нови извори и модернизација на постојната мрежа.
- **Очекуван ефект:** Долгорочно решение за сигурно снабдување со вода за жителите.
- **Рок:** среден (12–18 месеци).

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на сите неасфалтирани улици во селото.
- **Очекуван ефект:** Зголемена безбедност, подобра инфраструктура и уреден изглед.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Поправка и насипување на земјоделските патишта со цел да се олесни пристапот до нивите.
- **Очекуван ефект:** Полесен транспорт на земјоделски производи и поефикасно користење на патната мрежа.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

- **Опис:** Систематско чистење и трајно решавање преку централизирано управување со отпадот.
- **Очекуван ефект:** Почиста средина, подобро здравје и поубаво село.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: РЕНОВИРАЊЕ НА СЕЛСКОТО БИФЕ

- **Опис:** Комплетна реконструкција на објектот на селското бифе и уредување на просторот околу него.
- **Очекуван ефект:** Создавање социјален и културен простор за мештаните.
- **Рок:** среден (12–24 месеци).

# БОРОТИНО

## ПРОЕКТ: ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

- **Опис:** Асфалтирање на сите преостанати неасфалтирани улици во селото.

- **Очекуван ефект:** Подобрена пристапност и уреден изглед на населеното место.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА СРЕТСЕЛОТО

- **Опис:** Уредување на централниот дел со урбана опрема, осветлување и зеленило.
- **Очекуван ефект:** Подобрен јавен простор за социјални активности и дружење.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА КАНАЛОТ

- **Опис:** Чистење и регулирање на постојниот канал со цел подобар одвод на атмосферски води.
- **Очекуван ефект:** Намалување на ризикот од поплави и подобра заштита на земјоделските површини.
- **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

- **Опис:** Тампонирање и насипување на земјоделските патишта.
- **Очекуван ефект:** Полесен пристап до земјоделските ниви и пониски трошоци за транспорт.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР

- **Опис:** Озеленување, поставување ограда и урбана опрема во дворот на училиштето.
- **Очекуван ефект:** Подобри услови за учениците и зголемена безбедност.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ВОДОСНАБДУВАЊЕ

- **Опис:** Реконструкција на водоводната мрежа и обезбедување сигурно снабдување со вода за пиење.
- **Очекуван ефект:** Подобрени хигиенски услови и континуирано снабдување со вода.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: УРЕДЕНА УЛИЦА – УБАВА ОПШТИНА

- Граѓаните бараат уредување на локалните улици, тротоари и јавни површини. Проектот предвидува реконструкција на дотраени патишта, поставување нови тротоари со пристап за лица со попреченост, обележување на пешачки премини и поставување ново енергетски ефикасно улично осветлување. Дополнително, ќе се воведе систем за редовно одржување на улиците за да не се дозволи повторно нивно пропаѓање.

- **Очекуван ефект:** безбедно движење за сите граѓани, урбана средина која потсетува на европски стандарди, поголема гордост на жителите за нивната општина.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА ОПШТИНА

- Граѓаните предлагаат општината да вложува повеќе во озеленување и уредување на јавни површини. Проектот вклучува засадување нови дрвореди по улиците, реконструкција на постоечките паркови и изградба на нови зелени оази. Ќе се постават клупи и жардинери.
- **Очекуван ефект:** почист воздух, поубава и поздрава средина за живеење, поголемо користење на јавните простори од страна на младите и семејствата.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ИГРАЛИШТЕ ЗА СЕКОЈА НАСЕЛБА

- Многу родители бараат општината да инвестира во нови и модерни детски игралишта. Проектот предвидува изградба на најмалку едно игралиште во секоја населба со современа опрема, безбедносни подлоги, огради и осветлување. Игралиштата ќе бидат простор и за социјализација на децата и за дружење на родителите.
- **Очекуван ефект:** здрава и безбедна забава за децата, подобри услови за нивно физичко и психосоцијално развивање, задоволни родители и заедници.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЧИСТА ОПШТИНА – МОЈА ГОРДОСТ

- Граѓаните укажуваат дека чистотата и управувањето со отпад е еден од најважните предизвици. Проектот ќе вклучи поставување нови контејнери за селекција на отпад (пластика, стакло, хартија), воведување редовен распоред за собирање смет, како и организирање заеднички акции за чистење со учество на ученици, спортски клубови и здруженија.
- **Очекуван ефект:** почиста и поуредна општина, зголемена еколошка свест кај граѓаните, подобрена животна средина за сите.
- **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: БЕЗБЕДНА ОПШТИНА

- Граѓаните често бараат подобра безбедност на јавните места. Проектот предвидува поставување на видеонадзор на клучни локации (училишта, паркови), замена на старото осветлување со ЛЕД-светилки и подобрување на пешачките премини со дополнителна сигнализација. Ќе се работи и на подобра координација со локалната полиција за превенција на сообраќајни несреќи и вандализам.
- **Очекуван ефект:** поголема сигурност за децата и за возрасните, намалување на криминалот и вандализмот, создавање чувство на безбедна заедница.
- **Рок:** 2027 г.

## ➤ ПРОЕКТ: СПОРТ ЗА СИТЕ

- Граѓаните предлагаат општината да организира редовни спортски турнири (фудбал, кошарка, одбојка) и бесплатни рекреативни активности за сите генерации.
- **Очекуван ефект:** промоција на здрав живот, подобрување на заедништвото, развој на спортската култура.
- **Рок:** континуирано.

ВМРО-ДПМНЕ